Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 109, 15 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област аналитика на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област механика на флуиди и стручно технички системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 32

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област автоматика на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на рракописот „Менаџмент на комунален отпад“ од авторите професор д-р Благој Голомеов и асистент д-р Трајче Митев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Казнено право посебен дел - со практични примери“ - авторизирани предавања од авторот проф. д-р Тодор Витларов, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 58

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ АВТОМАТИКА НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2702-49/3 од 12.6.2013 година, донесена на четвртата редовна седница на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, одржана на 11 јуни 2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област автоматика на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник“ на 27.5.2013 година. Во предвидениот рок, на Конкурсот се пријави кандидатот м-р Сашко Милев.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на одредбите од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и личното познавање на пријавениот кандидат го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Сашко Милев** е роден во Штип, Р. Македонија, каде што завршува основно образование. Средно образование завршува во Гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје, насока Информатика. Дипломира на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Хидротехника, пневматика и автоматика, модул Автоматика. Магистрира на истиот факултет на студиската програма Хидротехника, пневматика и автоматика, истражувачко подрачје Автоматика и се стекнува со стручен степен магистер на технички науки. Од 2006 година е член на МЕНСА Македонија. Активно го владее англискиот јазик, за што има доставено соодветен доказ (TOEFL-тест).

***Работно искуство***

Во текот на 2007 година успешно завршува обука за инвестиционен советник и се стекнува со лиценца за инвестициски советник, издадена од Комисијата за хартии од вредност на Р.Македонија, а во текот на 2008 година завршува обука за работење со хартии од вредност и се стекнува со лиценца за овластен брокер за работа со хартии од вредност. Во 2008 година работи за брокерската куќа „Идеја плус“ АД Радовиш на работно место брокер за тргување со хартии од вредност на Македонската берза за хартии од вредност.

Од 1 ноември 2008 година до денес работи како лаборант на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одговорно ги извршува задолженијата и помага при техничкото изведување на вежбите, помеѓу останатите и на предметите од областа на автоматизацијата и автоматското управување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Сашко Милев ги исполнува сите законски критерими за избор во соработничко звање помлад асистент, во согласност со одредбите од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип кандидатот м-р Сашко Милев да биде избран за помлад асистент од научната област автоматика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Славчо Цветков – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Симеон Симеонов – член, с.р.**
**Доц. д-р Сашо Гелев – член, с.р.**